**Прилог 3**-Детален опис на играта „Волшебна елка“

| **1. Насоки*** |
|---|
| **Претходна подготовка за активност**<br>За реализирање на оваа игра потребна е елка и лампиони изработени од хартија (хамер). Во лампионите се крие предизвик од секојдневниот живот. Секој лампион е обележан со број. Се подготвуваат и картички со броеви. (Прилог 1)<br><br>**Инструкции за активноста/ играта**<br><br>Играта започнува со првиот ученик запишан во дневникот. Секој ученик си влече картичка со број од новогодишно капче...За одговорено прашање или предизвик се добива награда. Наградата е подарок од организирана новогодишна лотарија, каде што учениците носат новогодишен подарок, новогодишно завиткан. На подарокот се лепи бројче. Бројот на подарокот се совпаѓа со бројот на лампионот и картичките со броеви.<br><br>**Активност/игра**<br><br>Играта започнува со првиот ученик од дневникот. Ученикот влече картичка со број. Оди кај лампионите и го зема лампионот соодветен на бројот на извлечената картичка. Од задната страна на лампионот е запишан предизвикот.(Прилог 2-Предлог предизвици) Откако ученикот ќе го заврши предизвикот, го зема подарокот со истото бројче од картичката и лампионот. Активноста завршува откако ќе ротираат сите ученици. Играта може да заврши со пеење на песната „Елко, елко“. |